Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Дневниот извештај од ДЗСИ е во прилог.

Број на спроведени контроли/број на посетени објекти /издадени решенија

- 40 надзори кај дел.субјекти кои вршат јавен превоз,
- 16 од дел.субјекти записници се задолжени за спроведување на мерките и доставување на дписмен доказ за спроведени мерки
- 34 објекти во надлност на ДСЗИ (игротеки, фитнес сали, базени и др) се исконтролирани во однос на забрана за работење и сите затекнати затворени

Преглед по градови и видови објекти

- Куманово: Надзори во 3 игротеки,затеканти затворени
- Пробиштип: 1 игротека и 1 фитнес клуб, затекнати затворени
- Битола: 8 игротеки и 4 фитнес клубови, затекнати затворени
- Прилеп: 3 игротеки и еден фитнес центар, затекнати затворени
- Охрид:1 игротека и во 2 фитнес центри, затекнати затворени
- Струмица: 6 игротеки, 2 рекреативни базени и спа центар, заткнати затворени
- Скопје: 1 олимп.базен, 1 спа центар,1 фитнес клуб

1 надзор по барање на Министерство за здравство за издадено боледување во ПЗУ пред да стапат мерките на сила

Предлози за превземање дополнителни мерки:

- на Меѓународен аеродром Скопје да се воведе задолжителна дезинфекција на авионите кои доаѓаат од земји со висок и среден ризик,
- во средствата за јавен превз: за автобуси и комбиња да се обезбедат постери со препораки од ЈЗУ ИЈЗ за однесување на патници во јавен превоз, влез за патници во јавен превоз- не на предна врата, дезинфекција 2х дневно сабајле, вечер и задолжително проветрување

Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):

- активностите за постапување се во дирекна корелација со заклучоците на Комисија за заразни болести и наредбите од министерот и Владата на РСМ

Состојба со кадар: 43 инспектори на територија на цела РСМ

Специфични предлози кои произлегуваат од надлежноста на Инспекторатот, а кои не се претходно споменати:

- ДСЗИ да реферира за лица ставени под здравствен надзор како приоритена активност ДСЗИ во врска со состојбата со КОВИД-19.
- ДСЗИ секојдневно по дојава на надлежна епидемиолошка служба со решенија става лица под здравствен надзор во домашна изолација на КОВИД -19, а кои биле во контакт со лабораториски потврден случај.
- Во текот на минатата недела под здравствен надзор ставени се околи 330 лица за кои на дневна основа се доставуваат податоци до МВР со цел надзор над спроведувањето на наложената мерка.

МАЛМЕД

Дневниот извештај од МАЛМЕД е во прилог.

Во врска со забраната за извоз на медицински средства:

Согласно законската регулатива МАЛМЕД не издава дозволи за извоз на медицински средства, односно нивниот извоз е слободен и не е со режим „дозвола“. Контролите на извозот на медицински средства треба да прават царинските службеници и да забранат извоз согласно заклучокот на Владата.

Во врска со извршени инспекциски контроли и надзор:

Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

Спроведени се 4 надзори и тоа 1 вонреден и 3 редовни. Констатирани се зголемувања на цените поради зголемени цени од добавувачите. Вонредни инспекциски надзори ќе се извршат во веледрогериите добавувачи на ден 16.03.2020 год. (Македонија лек, Феникс Скопје и Еурофарм Скопје)

Контролата кај добавувачите-операторите со козметички средства ќе продолжи и ќе се изврши од страна на ДПИ согласно нивната законска надлежност , а во веледрогеријата Бизнис Хаус од Ресен исто така контрола ќе направи подрачниот пазарен инспектор од Ресен.

Предлози за превземање дополнителни мерки:

- кај економските оператори за производство и промет на козметички средства инспекциските контроли треба да продолжат од страна на ДПИ, бидејќи тие продаваат по зголемени цени на веледрогериите. Веледрогеријата Македонија Лек не ја зголемила својата маржа на веледрогериско работење.

Во координација со Министерот за Здравство и Министерството за внатрешни работи на ден 14.03.2020 година успешно е извршена испорака на лекови за населението на Дебар. Сите веледрогерии се известени за протоколите на нивната работа и сме во секојденвна комуникација со сите одговорни лица за непречено движење на нивните возила.

Специфични согледувања на терен (факти):

- Зголемувањето на цените кај аптеки се должи на зголемена набавна цена од веледрогериите.

План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):

- Вонредните надзори ќе продолжат кај веледрогериите во Скопје

Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

ДПИ спроведе надзор во:

Скопје-(Центар, Аеродром, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Илинден, Петровец, Чаир, Бутел, Карпош,Кисела Вода Арачиново, Гази Баба, Сарај,Маџари, Јурумлери, Гоце Делчев, Кадино, Мралино, Марино,Синчелич,Брњарци, Стајковци,Драчево.)

Куманово, Крива Паланка, Кратово.

Охрид и населени места Велгошти, Лескоец, Свети Стефан.

Кавадарци, Неготино, Велес, Битола, Прилеп, Ресен и Крушево и околните населени места

Гостивар со населени места Вруток, Равен, Речане, Дебреше, Зубовце, Галате, Врапчиште, Топлица, Добри Дол, Сенокосе, Неготино, Градец, Бањица, Чајле, Форино, Чегране

Кичево со населени места Црвевци и Зајас

Македонски брод и населени места Брод, Белица, Манастирец, Долни Манастирец и Суводол.

Струга и населени места Лабуништа, Подгорци, Октиси, Боровец, Велешта, Добовјани, Горно Татеши, Делогожда, Корошишта, Ливада, Драслајце, Биџево, Мислешево, Теферич, Ладоришта, Франгово, Заграчани, Калишта, Вевчани, Враништа.

Дебар Струмица , Радовиш, Валандово, Дојран, Богданци, Ново Село, Берово, Пехчево, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Штип, Свети Николе, Виница и околните места, Тетово и околните места

Во сите места се почитува одлуката освен:

Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

- Угостителски објект во Визбегово, затекнати 50-тина гости, постапено од страна на ДПИ по Закон за нерегистрирана дејност, постапката ќе продолжи во ЈО согласно Одлуката. Објектот е во истиот момент испразнет и затворен;

- Во Општина Гази Баба, по добиено известување дека во угостителскиот објект Кафе Лион се врши дејност, односно не се почитува забраната за затворање по 18 часот, инспектори од ДПИ ја посетија посочената локација, но во моментот на самото место е затекната полициска патрола која во меѓувреме го затворила објектот.

- Угостителски објект во Битола – затворен од страна на ДПИ

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

Дневниот извештај е во прилог.

Инспекторатот не спроведува надзор. *(Инспекторатот нема стални инспектори на граница, може да постапи по дојави од царина и гранична полиција)*

Предлози за превземање дополнителни мерки:

- да се задолжи царинска управа, полиција на граничен премин, национален координатор за гранично управување да вршат проверка на патничките комби возила кои излегуваат и влегуваат на територија на РСМ а кои се на име на физички лица, која е нивна крајна и почетна дестинација, односно дали истите доаѓаат од високо ризични земји.

Специфични согледувања на терен (факти):

- меѓуопштинскиот линиски превоз на патници е редуциран од 60-70% на територија на РСМ на ден 15.03.2020 година, согласно сообраќаен дневник кој го води Автобуска станица Скопје.

- меѓународниот линиски превоз на патници за високо ризични земји е во целосен прекин додека за останатите е редуциран од 70-80% на ден 15.03.2020 година, согласно сообраќаен дневник кој го води Автобуска станица Скопје, од утрово се тргнати само автобусите за Белград.
- немаме постојан престој на граничните премини, односно нашите дежурни инспектори постапуваат по претходно добиен повик од Царинска управа, полиција на граничен премин, национален координатор за гранично управување по однос мерка забрана организиран меѓународен автобуски превоз (автобус, комбе, минибус и сл.) кон високо ризичните земји, како и од тие земји кон Република Северна Македонија, согласно листата на Светската здравствена организација.

План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):

- Да се задолжи Царинска управа, полиција на граничен премин, национален координатор за гранично управување по претходно добиени најави и утврдени од лице место за организиран нерегуларен меѓународен превоз на патници од Струмица, Свети Николе, Велес кои излегуваат и влегуваат на територија на РСМ, истите да ги задржуваат и да го повикаат ДТИ на излез од РСМ и ДТИ и ДЗСИ на влез во РСМ.

Состојба со кадар: **15 државни инспектори за патен сообраќај**

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

Дневниот извештај од Трудов е во прилог.

Во врска со препораките спроведени се 199 контроли во поглед на постапување по препораката за платено отсуство на родител на дете до 10 години, самохранен родител, бремени жени и хронички болни.

Донесени се:

- 4 решенија,

Извештај за 15.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

- 16 укажувања
- 2 задолжувања

Донесените решенија и укажување се за работодавачите кои не постапиле по препораките на Владата. Продолжуваат со континуирана контрола.

Специфични согледувања на терен (факти):

- поголемиот број од работодавачите ги почитуваат препораките

План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):

- продолжуваме со надзори во сите Подрачја

Состојба со кадар:

- сите инспектори се на терен, се вршат контроли и во сабота и недела